***Република Македонија***
***ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ***
***НА МАКЕДОНИЈА***
***Број: 02-6900/2***
***05.10. 2006 год.***
***С к о п ј е***

***ЗАПИСНИК***
***од II-та седница на Управниот одбор на***
***Фондот за здравствено осигурување на Македонија,***

*одржана на 05.10.2006 година во 12:00 часот, во просториите на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

***Присутни членови на Управниот одбор:***

- *Д-р Вулнет Ферати, шеф на кабинет во Министерството за здравство-претставник од Министерството за здравство-претседател ;*
- *Д-р Љубиша Каранфиловски, доктор на стоматологија, вработен во ЈЗУ Здравствен дом Битола, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија-член;*
- *Д-р сци.Владо Ванковски, доктор на стоматологија, претседател на Стоматолошка комора на Македонија, претставник на Стоматолошка и Лекарска комора на Македонија-член;*
- *М-р Маријана Лончар Велкова, претставник на Организацијата на потрошувачите на Македонија-член;*
- *М-р Борис Јосифовски, пензионер, член на Извршниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија-член;*
- *Трајче Леов, генерален директор на ЛЕОВ-КОМПАНИ, претставник на Стопанска комора на Македонија-член.*

***ПРИСУТНИ ОД ФЗОМ:***

- *Злате Шулевски,пом.директор за финансии*
- *Герасим Тренчевски, пом.директор за план и анализа*
- *Бранислава Катушевска, пом.директор за контрола*
- *Михајло Костовски, пом директор за правни работи*

*- сите присутни во делот на дискусиите до точката РАЗНО*

- *Елизабета Белазелкоска, лице задолжено за односи со јавноста*
- *Мирјана Масевска, лице задолжено за протокол*

*Д-р Вулнет Ферати го констатира оправданото отсуство на претставникот на Министерството за финансии Тони Димовски, заменик претседател на УО на ФЗОМ и напомена дека треба да депонира писмена согласност за донесените заклучоци .*

*Непосредно пред започнување на седницата( и во тек на истата), на присутните членови на Управниот одбор им беа поделени:*

- *записник од Првата седница на УО на ФЗОМ (корегирана верзија);*
- *заклучоците донесени на Првата седница на УО на ФЗОМ;*
- *предлог- одлука за определување на месечен паушален надоместок за работа на членовите на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
- *предлог-одлука за овластување на потписник на сметката на Фондот за здравствено осигурување на Македонија (до именување директор на ФЗОМ);*
- *информација за измирување на неизмирените обврски спрема добавувачите за лекови и медицински материјали од средствата од продажба на Градска аптека- ,,Скопје,, -Скопје.*

*Д-р Вулнет Ферати ја отвори седницата и **го предложи** следниот*

***П Р Е Д Л О Г - Д Н Е В Е Н  Р Е Д***

*- Усвојување на записникот од Првата седница на УО, одржана на 28.09.2006 година*

1. ***АНАЛИЗА за реализација на средствата од Буџетот на Фондот и на буџетите на ЈЗУ за период јануари-јуни 2006 година;***
2. ***ПРЕДЛОГ-БУЏЕТ за 2007 година на Фонд за здравствено осигурување на Македонија;***
3. ***МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ за реализацијата на средствата во Буџетот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија и буџетите на ЈЗУ за ЈУЛИ 2006 ГОДИНА;***
4. ***МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ за реализацијата на средствата во Буџетот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија и буџетите на ЈЗУ за АВГУСТ 2006 ГОДИНА;***
5. ***ПРЕДЛОГ-РЕБАЛАНС на Буџетот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија за 2006 година;***
6. ***ИНФОРМАЦИЈА за финансиската состојба на Фондот за здравствено осигурување;***
7. ***РАЗНО***

*Притоа, тој образложи дека, во интерес на времето и рационалниот приод кон разгледување на точките од дневниот ред, со оглед дека се работи за шестмесечна анализа, месечни извештаи, предлог буџет за 2007 и предлог ребаланс на Буџетот за 2006 година - сето тоа работено тековно од страна на претходниот состав, точките 1, 3 и 4, како сродни проблематики, да се сведат под т.1; т.2 да биде предлог-буџетот; т.3 предлог-ребалансот; т.4 информацијата за финансиската состојба на Фондот и т.5 Разно со потточки: 5.1 - предлог одлука за определување на месечен паушален надоместок за работа на членовите на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;5.2.-овластување на еден од помошниците директори за потписник на ургентни акти во делот на финансиското работење, витално загрозувачки случаи во делот на лекување во странство и други работи -се во консултација со претседателот на Управниот одбор, д-р Вулнет Ферати; 5.3.- ургенција од страна на стручната служба за правни работи во делот за добивање согласност од страна на Владата на РМ за доставениот Статут на ФЗОМ, усвоен на седница на УО на ФЗОМ од претходниот состав.*

*Управниот одбор **го усвои** предлог-дневниот ред со дадените насоки на претседателот на УО на ФЗОМ и го утврди следниот*

***Д Н Е В Е Н  Р Е Д***

*- Усвојување на записникот од Првата седница на УО, одржана на 28.09.2006 година*

1. ***АНАЛИЗА за реализација на средствата од Буџетот на Фондот и на буџетите на ЈЗУ за период јануари-јуни 2006 година, МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ за реализацијата на средствата во Буџетот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија и буџетите на ЈЗУ за ЈУЛИ 2006 ГОДИНА и МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ за реализацијата на средствата во Буџетот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија и буџетите на ЈЗУ за АВГУСТ 2006 ГОДИНА;***
2. ***ПРЕДЛОГ-БУЏЕТ за 2007 година на Фонд за здравствено осигурување на Македонија;***
3. ***ПРЕДЛОГ-РЕБАЛАНС на Буџетот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија за 2006 година;***
4. ***ИНФОРМАЦИЈА за финансиската состојба на Фондот за здравствено осигурување;***
5. ***РАЗНО***

***5.1. Предлог одлука за определување месечен паушален надоместок за работа на членовите на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;***

***5.2. Овластување на еден од помошниците директори за потписник на ургентни акти во делот на финансиското работење, витално загрозувачки случаи, во делот на лекување во странство и други работи -се во консултација со претседателот на Управниот одбор, д-р Вулнет Ферати;***

***5.3. Ургенција од страна на стручната служба за правни работи во делот за добивање на согласност од страна на Владата на РМ за доставениот Статут на ФЗОМ, усвоен на седница на УО на ФЗОМ од претходниот состав.***

*Потоа се пристапи кон разгледување на точките од дневниот ред.*

- *Членовите на Управниот одбор на ФЗОМ едногласно* ***го усвоија записникот*** *од првата седница на УО на ФЗОМ, со одредени забелешки од техничка природа.*

***ТОЧКА 1 - АНАЛИЗА за реализација на средствата од Буџетот на Фондот и на буџетите на ЈЗУ за период јануари-јуни 2006 година, МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ за реализацијата на средствата во Буџетот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија и буџетите на ЈЗУ за ЈУЛИ 2006 ГОДИНА и МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ за реализацијата на средствата во Буџетот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија и буџетите на ЈЗУ за АВГУСТ 2006 ГОДИНА***

*Во опширната дискусија учество зедоа:*

- ***д-р Љубиша Каранфиловски*** *акцентот го стави на отстапувањата помеѓу делот на дозначените средства до ЈЗУ и делот на приходите, каде се јавуваат отстапувања во смисла на пречекорувања на буџетските плафони (по основ на предвидените 12-тинки) кај одредени ЈЗУ- пр.Клиничка болница Битола, Клинички центар.Се наметнува заклучокот за нереални буџетски плафони и прашањето за излезните решенија; ова е структурен проблем и бара структурни решенија, а од овој Управен одбор се очекува да ги изнајде.*

- ***Д-р Ванковски*** *во принцип не дискутира за нешто што веќе минало, но не може, а да не забележи дека е енормно висок процентот во Буџетот на Фондот на средствата што се одлеваат за плати, 51,23%, што од друга страна индицира на превработеност*

*во здравството. Наедно, приходите од партиципацијата се ниски, 3,48%- да се објасни на што се должи тоа.Тој констатира дека парите од продажбата на аптеките во земјава и парите од продажба на бањите, не дојдоа во Фондот, туку во Буџетот на РМ, што е една од причините за дефицитот во Фондот.* ***Ванковски побара од стручните служби, за идната седница, да доставаат извештај за број на вработени во здравството и број на осигуреници, почнувајќи од 2002 година, заклучно со 2006 година.***

- ***Трајче Леов*** *е фрапиран од резултатите во првите две ставки од анализата, што се однесува на платите. Тој сугерираше да се направи споредба во Министерството за финансии за процентот за плати со кој учествува стопанството во однос на здравството. Во услови на превработеност се наметнува потребата од рационализација на персоналот и да се посочи модел за намалување на бројот на вработени, на сметка на зголемување на платите. Заради сериозноста на проблемот во здравството да се побара од Министерството за финансии да направи анализа на движењето на трошоците по гранки. Негов став е дека,* ***при изготвување на анализите и извештаите , стручните служби на Фондот веднаш ги согледуваат аномалиите и треба да им ги посочат на членовите на Управниот одбор со соодветно образложение.Во насока на изнаоѓање излезни решенија, стручните служби на Фондот, за идната седница да дадат предлози со рокови, сукцесивно, во зависност од времето на изготвување на материјалот.*** *Со реално согледување на состојбата со буџетите, овој Управен одбор треба да биде поконкретен од претходниот, особено во делот на преземање мерки за контрола на одредени ЈЗУ.*

- ***М-р Маријана Лончар Велкова*** *имаше забелешки на нејаснотии во табеларниот приказ и побара да се види процентуалниот износ на трансфери, а впечатокот, како и во претходниот состав, за нереално планирана и остварена состојба- останува. Таа побара објаснување на причините за намалување на расходите по основ на боледувања (стр.10) и, во делот на капитални расходи, да се објасни што значи формулацијата ,,...нерамномерно насочување на наменски средства...,,. На стр.11- материјалните трошоци за лекови се превисоки, а состојбата со лекови алармантна.* ***Таа предложи да се формира работна група составена од вработени во Министерството за здравство и Министерството за финансии, како и од претставници од Фондот за изготвување план за излез од тешката материјална состојба во здравството.***
***Таа, наедно, предложи да се доставаат барања до надлежните министерства ( за здравство и финансии) да заземат став лековите во болничките установи, по можност, да бидат на консигнација.***

- ***Д-р Вулнет Ферати*** *напомена , со оглед дека вкупните долгови на ФЗОМ изнесуваат 80 милиони евра, загрижува фактот за нивната поделба на фондовски и оние на ЈЗУ: Фондот ги доставувал средствата, ги контролирал, но изгледа контролата некаде затаила; да се изнајде начин за надминување на оваа ситуација. Претседателот на УО на ФЗОМ се согласи* ***стручниот колегиум на Фондот да даде предлози како да се излезе од постоечките проблеми, преку формирање работна груба од двете министерства (здравство, финансии и Фондот) и како да се изнајде начин за Владата да си ги намирува обврските пропишани со Законот, за превентивните здравствени програми****( средствата за превентивните програми во многу мал дел, со години наназад ,се слеваат во Фондот, а парите за пациентите опфатени со овие програми, во најголем дел, ги плаќа Фондот).*

***Претставниците на стручниот колегиум на Фондот*** *Злате Шулевски, Герасим Тренчевски и Бранкица Катушевска дадоа одредено образложение на поставените прашања и констатации од страна на членовите на УО на ФЗОМ, што главно се сведува на следното:*
*Обрасците во анализата што ги користи Фондот се утврдени од УО во соработка со ММФ и Светска банка и со нив не може да се добие вистинска слика во сферата на вработеноста односно превработеноста. Со подетална анализа, доколку би се*

*вклучиле и други расходи, процентот за учество на платите во Буџетот би паднал на некоја পониска стапка, но не доволно ниска како што е во другите западноевропски земји.*
*Недостасува и кај ЈЗУ аналитика во извештаите за материјалните трошоци, зошто и каде се употребени. Од друга страна, поделбата на МЦ е несоодветно направена, а буџетите што се прикажани како реализирани, не соодветствуваат со реалната состојба. И покрај интервенција од наша страна за поделба на обврските помеѓу болниците и здравствените домови , не е извршена поделба на трошоците и обврските, при што овде не игра битна улога Фондот туку политиката. Министерството за здравство затаи при контрола на ЈЗУ, што се нивни ингеренции. Во м.јуни 2006 година Фондот изработи програма за намалување на обврските, но Министерството за здравство формираше нова работна група, која до денес не си ја завршила обврската. На Фондот не му се даде шанса да изработи програма за намалување на обврските помеѓу ЈЗУ, со која овие обврски од 584 милиони денари би можеле да се сведат на 200 милиони денари. Проблем е плаќањето на програмите за превентивна здравствена заштита, кои не се целосно финансирани од државата, туку само во мал дел и се извор на дефицит; тука се и недоисплатените партиципации.*

*Управниот одбор на ФЗОМ едногласно донесе*

***З а к л у ч о к:***

***1.Управниот одбор на ФЗОМ ги разгледа и усвои: АНАЛИЗАТА за реализација на средствата од Буџетот на Фондот и на буџетите на ЈЗУ за период јануари-јуни 2006 година, МЕСЕЧНИОТ ИЗВЕШТАЈ за реализацијата на средствата во Буџетот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија и буџетите на ЈЗУ за ЈУЛИ 2006 ГОДИНА и МЕСЕЧНИОТ ИЗВЕШТАЈ за реализацијата на средствата во Буџетот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија и буџетите на ЈЗУ за АВГУСТ 2006 ГОДИНА;***
***2.Кон материјалите да се приложат соодветни писмени образложенија и дообјаснувања од страна на стручната служба;***
***3.Сите забелешки и сугестии од страна на членовите на Управниот одбор на ФЗОМ да се вградат во текстовите;***
***4. Стручната служба на Фондот да даде предлози како да се излезе од постоечките проблеми, преку формирање работна група од двете министерства (здравство, финансии и Фондот) и како да се изнајде начин Владата да си ги намирува обврските пропишани со Законот за превентивните програми за здравствена заштита.***
***5. Финансиските извештаи и понатаму ќе бидат предмет на разгледување на наредни седници на УО на ФЗОМ .***

***ТОЧКА 2 - ПРЕДЛОГ-БУЏЕТ за 2007 година на Фонд за здравствено осигурување на Македонија***

*Образложението по предлог-буџетот за 2007 на ФЗОМ година го даде Герасим Тренчевски, кој рече дека како основа на овој предлог-буџет послужи Буџетот од 2006 година и реализацијата за првите шест месеци од 2006 година, со проекција до крај на годината. Предлог-буџетот е доставен до МФ во понатамошна постапка каде се врши усогласување, па се можни некои корекции.. За првпат, за дел од придонесите за плати, постои одлука на Влада на РМ, да се обезбедуваат во постапка на хармонизација на придонесите.*

*Злате Шулевски објасни дека ММФ бара изедначување на основицата по однос на придонесите помеѓу ПИОМ и ФЗОМ, при што ФЗОМ ќе загуби 650 милиони денари, средства кои ќе треба да се обезбедат од други извори, реални и сигурни. Странскиот консултант предложи (паушално) 430 милиони денари, што би значело над 200 милиони помалку.*

*Во дискусијата зедоа учество д-р Љубиша Каранфиловски и д-р Вулнет Ферати, кој сугерираше Г.Тренчевски да даде образложение во писмена форма за наредната седница. Во оваа ситуација битна е поддршката што Министерството за здравство ја дава за вградување на превентивните програми за здравствена заштита во Буџетот на ФЗОМ.*

*Членовите на Управниот одбор едногласно донесоа*

***З а к л у ч о к:***

1. ***Управниот одбор на ФЗОМ го разгледа ПРЕДЛОГ-БУЏЕТОТ за 2007 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија и го одложи за понатамошно разгледување за следната седница на Управниот одбор;***
2. ***Стручната служба на ФЗОМ за следната седница да даде образложение во писмена форма.***

***ТОЧКА 3 - ПРЕДЛОГ-РЕБАЛАНС на Буџетот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија за 2006 година***

*Герасим Тренчевски го образложи предлог-ребалансот на ФЗОМ за 2006 година, со кој се врши ребаланс од следните причини: во м.јуни 2006 година во Фондот се уплатени средства од продажбата на Градските аптеки - Скопје и поради обезбедување на средства за исплата на разлика на плата на вработените во ЈЗУ, со примена на нови коефициенти по Колективниот договор, поради што е потпишана Спогодба помеѓу Министерот за здравство и Синдикатот на здравствената дејност, средства кои не биле предвидени со Буџетот за 2006 година. Аналогно на тоа треба да се направи измена на буџетските плафони на ЈЗУ, чии стари обврски се измирени од средствата од аптеките. Тој напомена дека ПРЕДЛОГ-РЕБАЛАНС на Буџетот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија за 2006 година веќе е доставен во постапка кај Министерството за финансии од каде има неофицијални информации дека истиот ќе биде проследен до Собранието на РМ на усвојување, а извршените корекции од нивна страна Фондот ќе ги уважи и вгради во предлог-ребалансот.*

*Потребата да се исплатат разликите за плати во ЈЗУ и понатаму стои за месеците од септември до крајот на годината. Изворите за таа намена треба да се пронајдат, а се предлага тоа да се стори од страна на Буџетот на државата, со акцент на превентивните програми (Собранието носи одлука-државата е должна да изнајде реален извор на средства).*

*Во дискусијата учество зедоа**: д-р Вулнет Ферати**(запраша дали во овој момет има слободни средства за пренамена во ФЗОМ; одговорено беше од страна на стручната служба дека ликвидни пари има околу 200 милиони денари, но извор за пренамена нема и дека проблем е структурата - не парите), **м-р Маријана Лончар Велкова**( да се направи анализа за можностите за користење на програмите за превентивна здравствена заштита или да се изнајдат други извори на средства; во делот на социјалните бенефиции констатира дека се тие намалени со делување на регулативата и побара образложение за таа ставка), **д-р Владо Ванковски**, **д-р Љубиша Каранфиловски, Злате Шулевски и Бранкица Катушевска.***

*После куса расправа по оваа точка, Управниот одбор едногласно донесе*

***З а к л у ч о к:***

1. **Управниот одбор на ФЗОМ го разгледа и усвои ПРЕДЛОГ-РЕБАЛАНСОТ на Буџетот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија за 2006 година;**
2. **Во ПРЕДЛОГ-РЕБАЛАНСОТ на Буџетот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија за 2006 година да се вградат сите забелешки на членовите на Управниот одбор;**
3. **Стручните служби на ФЗОМ да направат дополнителна анализа за изнаоѓање извори за пренамена на ликвидните средства од 200 милиони денари (за следната седница), како и можноста за користење на средствата од програмите за здравствена заштита, што ги донесува Владата на РМ (национални програми).**

***ТОЧКА 4 - ИНФОРМАЦИЈА за финансиската состојба на Фондот за здравствено осигурување***

*Членовите на Управниот одбор на ФЗОМ ја разгледаа информацијата за финансиската состојба на Фондот за здравствено осигурување на Македонија и констатираа дека финансиската состојба, и од досега разгледуваните материјали,се гледа дека е јасна и евидентна.*
*Д-р Вулнет Ферати, во насока на изнаоѓање начини за подобрување на состојбата, посочи дека би било добро и Фондот неформално да се обрати до Министерството за финансии за прибирање на средствата од акцизите за цигари. Новиот Министер за здравство веќе се обратил и, доколку е акцијата успешна а не само политичка одлука на претходниот министер, би требало да има позитивни ефекти.*

*Управниот одбор на ФЗОМ донесе*

***З а к л у ч о к:***

***Управниот одбор на ФЗОМ ја разгледа ИНФОРМАЦИЈАТА за финансиската состојба на Фондот за здравствено осигурување .***

***5. РАЗНО***

***5.1.** Предлог одлука за определување месечен паушален надоместок за работа на членовите на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*

*Според насоките од Владата на РМ, дадени со извадокот од нацрт-записникот од Четвртата седница , бр.19-17/4 од 20.09.2006 година, а во врска со определување на месечен паушален надоместок за работа на членовите на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, Управниот одбор на ФЗОМ едногласно донесе*

***З а к л у ч о к:***

1. **Управниот одбор на ФЗОМ донесе Одлука за определување месечен паушален надоместок за работа на членовите на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија бр.02-6900/3 од 05.10.2006 година;**
2. **Се задолжува стручната служба Одлуката да ја достави на увид до Генералниот секретаријат на Владата на РМ, најдоцна до 06.10.2006 година.**

***5.2.****Предлог -одлука за овластување потписник на сметката на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*

*Д-р Вулнет Ферати образложи дека распишаниот конкурс за директор и заменик директор на ФЗОМ веќе тече, па со оглед на тоа, до нивно именување, се наметнува потребата од привремен потписник на акти во делот на финансиското работење, витално загрозувачки случаи (во делот на лекување во странство) и други работи - се во консултација со претседателот на Управниот одбор, д-р Вулнет Ферати. Претседателот на УО на ФЗОМ за потписник го предложи Михајло Костовски, пом. директор за правни работи.*

*Членовите на Управниот одбор на ФЗОМ едногласно донесоа*

***З а к л у ч о к:***

***1.Управниот одбор на ФЗОМ донесе Одлука за овластување на потписник на сметката на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;***
***2.За овластен потписник на сметката на ФЗОМ именуван е Михајло Костовски,пом. директор за правни работи.***

***5.3.****Ургенција од страна на стручната служба за правни работи во делот за добивање согласност од страна на Владата на РМ за доставениот Статут на ФЗОМ, усвоен на седница на УО на ФЗОМ од претходниот состав;*

*Д-р Вулнет Ферати образложи дека со писмо бр.02-3828/5 од 13.06.2006 година Статутот на ФЗОМ е доставен во Влада на РМ за согласност. Како прилог е доставена и дискета.До денес нема никаква информација.Тој ја задолжи стручната служба за правни работи да се обрати до Влада на РМ (Комисија за здравство) и да ургира за разгледување и согласност на Статутот на Фондот.*

*Управниот одбор на ФЗОМ едногласно донесе*

***З а к л у ч о к:***

***Се задолжува стручната служба за правни работи да се обрати до Владата на РМ (Комисија за здравство) и да ургира за разгледување и согласност на Статутот на Фондот.***

*Претседателот на Управниот одбор на ФЗОМ, во консултација со членовите на УО, даде насока роковите за распишаниот конкурс за избор на директор и заменик директор на Фондот, да течат почнувајќи од 03.10.2006 година, од излегувањето на конкурсот за директор на Фондот во печатените медиуми, што, по превид на печатениот медиум, излезе ден подоцна.*

*Управниот одбор заврши со својата работа во 15:00 часот.*

| | |
|---|---|
| ***Записничар,*** | ***Управен одбор,*** |
| *Мирјана Масевска* | ***претседател,*** |
| | ***д-р Вулнет Ферати*** |